**оригинален научен труд**

**УДК: 37.014.“32.019.5(497:497.7)“1878/1903“**

# ЗА ПРОСВЕТНИТЕ ВЛИЈАНИЈА ВО МАКЕДОНИЈА (1878-1903)

**Силвана Сидоровска-Чуповска**

*Институт за национална историја, Скопје, Македонија*

**Key words:** Macedonia, education, propaganda, Balkan states, governments, politics

**Summary:** This paper explores the educational influences in Macedonia after the Eastern Crises (1875-1881). Namley, for a long period of time, the Ottoman Turkish government supported Greek religious and educational propaganda on the territory of Macedonian. Even so, after 1878, Macedonia was the country where the propaganda interests, at the level of education, were mostly Bulgarian and Serbian in nature. These, in turn, had a different success in the field during their twenty-five year span.

**Клучни зборови:** Македонија, образование, пропаганда, балкански држави, влади, политика.

**Резиме:** Овој документ ги истражува образовните влијанија во Македонија по Источната криза (1875-1881). Со поддршка на турските влади во Македонија, долго време грчкото влијание се чувствува во религијата и образованието. По 1878 година, во Македонија, на образовно ниво имаа влијанија Бугарија и Србија. Овие образовни пропаганди, благодарение на помошта од нивните влади и политиката на Отоманската империја, во периодот од дваесет и пет години, имаа различен успех во образованието во периодот 1878 – 1903 година.

По формирањето на балканските држави Грција, Србија и Бугарија, нивните влади ги започнале своите завојувачки амбиции кон Македонија. Во овие земји започнале да дејствуваат сили чија единствена цел била остварување на големодржавните интереси имајќи тајни планови и договори за поделба и завладување. Од друга страна, на ваквото нивно дејствување, во прилог им била и политиката на Османлиската империја, која не сакала да ги реши социјално-економски и политичките промени врз народносен принцип, во земјите кои се наоѓале во нејзините територијални граници.

Ваквите објективни историски факти ѝ оделе во прилог на Патријаршијата да најде поволен терен во Македонија за постигање на

големогрчките цели - елинизација на македонскиот народ. Со оглед на тоа дека во рамките на Османлиската империја била единствениот правен заштитник на целокупното христијанско (православно) население на Балканот, уште поодамна го наметнала грчкиот јазик во употреба во богослужбата и во администрацијата, во градовите во кои главните трговски позиции ги имале грчките или погрчените македонски трговци. Од друга страна, и официјалните османлиски власти, во статистичките податоци евидентирани во нуфузите, сите православни христијани ги третирале како „рум-милет", односно Грци. Користејќи го широкиот фронт од даденото „право", Патријаршијата многу порано започнала да го форсира отворањето на грчки училишта во Македонија носејќи учители од Грција или учители од Македонија со завршени грчки училишта и задоени со грчки дух. Нејзин најефикасен адут бил средновековното влијание на Византиската империја со македонската територија, во која наводно живееле Грци. Поддржувајќи ги тие традиции, грчката пропаганда од тоа црпела „докази дека македонскиот народ е составен дел на грчкиот народ, кој под притисок на Словените го примил словенскиот говор, но по својот етнички карактер останал грчки" (Поплазаров, 1977:57).

Претензиите на грчките влади спрема Балканот биле формулирани во две програми. Според т.н. владина програма, грчката граница требало да тргнува од Драч и да стигне до Егејското Море врвејќи северно од Серес, и над Битола и Охрид на запад (Битоски,1998:31). За постигнување на оваа цел, претходно требало да се подготви почва со примена на пропагандни и „революционерни" средства[1]. Масовно се отворале и назначувале свештеници во македонските населени места, основни училишта, прогимназии и забавишта, додека во главните градски центри се отворале средни училишта и интернати (гимназии, учителски школи, богословски школи). Особено било важно во Македонија да има поголем број грчки училишта и цркви. Бројот на учениците, учителскиот персонал и училиштата пред Европа биле употребувани како основен документ за докажување на наводниот „грчки карактер" на Македонија. Од бројот на учениците, што неуморно го зголемувала, преку свои „математички операции", грчката пропаганда извлекувала „заклучок" за бројот на грчкото население во

[1] Во однос на еквилибристика која на дипломатски план морала да ја применува кон Русија, Англија и Австро-Унгарија, како и кон балканските конкуренти, грчката туркофилска политика, по Источната криза, била затекната како манипулатор којшто се заплеткал во сопствената конфузија. Поради тоа, Грција, најрано од другите балкански центри, ги 'изгубила нервите' за тактика кон македонското револуционерно движење. По 1878 година, грчката пропаганда со испраќање на чети, започнала да го заплашува незаштитеното македонско население.

Македонија (Битоски, 1998:32). Преку нив, оваа пропаганда имала тенденција да ја оствари својата крајна цел, асимилација на што поголем број од македонско население.

По 1878 година, водечко место во водењето на националистичката пропаганда и понатаму официјално го имала Патријаршијата, помагана од Филолошкиот и Атинскиот силогос. Улога во раководењето на пропагандата имало и Министерството за надворешни работи, кое, преку своите дипломатски претставници во Солун, Битола и Серес, одржувало редовна врска со основните носители на грчката пропаганда во Македонија. Меѓутоа, кон крајот на 19 век, грчката пропаганда колку и да се ангажирала на просветно поле, од ден на ден, сѐ повеќе ги губела своите позиции. За ова, всушност, говори и мислењето на грчкиот митрополит во Пелагониската митрополија, кој вака ја опишал положбата на пропагандата: *„Треба да бидеме уверени дека на теренот на кој стоиме не е толку сигурен како што мислиме. Однадвор денес изгледаме сјајни, но всушност нашата положба личи на гробови за кои Исус Христос рече: однадвор накитени, а внатре полни со голи коски и нечистотија*" (Архив на Македонија – Скопје, Грчка пелагониска митрополија, службена преписка, 31).

Со почетокот на 20 век, грчката просветна пропаганда во Македонија се наоѓала во тешка положба. Работејќи сред население кое било наполно туѓо, особено поради јазикот, се нашла во ситуација без решение. Во 1904 година, во Македонија, работеле 1 375 грчки училишта, со 2 100 учители и со 78 000 ученици (Кантарџиев, 1983:265).

Како и грчката пропаганда, и српските пропагандни обиди на територијата на Македонија се поткрепувале и оправдувале на историјата. За таа цел, уште во 1868 година, бил формиран *Просветен одбор,* со задача да отвора и издржува српски училишта во Стара Србија и Македонија. По формирањето на Егзархијата и на кнежевството Бугарија, загриженоста на Белград за судбината на „српските интереси", се преобразила во една јасно дефинирана политика, базирана врз интензивирање на материјалните и политичките средства, со чија помош требало да се „создаваат" Срби во Македонија. Во рамките на таквата политика, српската влада бара дозвола од османлиските власти, повторно да се отворат затворените „српски училишта" во текот на воените операции, во 1876-1878 година. Истовремено се барало и од цариградскиот патријарх да назначува Срби за владици во Скопје, Велес, Дебар, Битола, Охрид и Призрен, давајќи до знаење до каде допирале нејзините аспирации во тој момент. По 1878 година, со упорни обиди и барања до

османлиската влада, српската просветна пропаганда почнала да ги чувствува и првите резилтати. Во периодот 1886-1889 година, со помош на друштвото *„Свети Сава“*, во Стара Србија и во Македонија биле отворени 42 училишта (Битоски,1968:147; Џамбазовски,1960:185; Катарџиев,2002:344).

Назначувањето на Стојан Новаковиќ за српски пратеник во Цариград (1886) и отворањето српски конзулати во Солун и Скопје (1887) и Битола (1888), ја најавиле новата фаза во навлегувањето на српската просветна пропаганда. Притоа, српската пропаганда доволно ефикасно ги користела и многубројните печалбари во Србија, од чии редови врбувала и школувала кадри за ширење на српската идеја за местата од каде потекнувале. За поуспешно дејствување, српската просветна пропаганда во Цариград (1889), испечатила буквари и читанка, која содржела две третини текст на македонски.

Кон крајот на осумдесеттите години од 19 век, српската пропаганда започнала да бара други патишта во ширењето на „србството“ во Македонија, со приоритет на основањето црковно-училишни општини. Најактивниот во реализирање на ваквиот план, Стојан Новаковиќ ѝ препорачувал на српската влада: *„ при таа работа да се постапува колку што може потолератно, така што би се привлекол народот“*. Во тоа, пропагандата имала и делумен успех, кога во градовите, во кои имало српски конзули, започнале да се формираат црковно-училишни општини. Во реонот на Битолскиот конзулат, и покрај пречките од Патријаршијата, Егзархијата и месните османлиски власти, во периодот 1890-1892 година, „српски“ црковно-училишни општини, кои се прикривале под името „православни“, биле формирани во Битола, Поречјето, Прилеп, Кичево, Охрид, Галичник, Крушево и Дебар (Џамбазовски,1960:224).

Формирањето на општини во реонот на Скопскиот конзулат било во поинакви услови. Користејќи ги слабите позиции на грчките интереси, кои биле помали во споредба со оние во Битолскиот вилает, тогашниот конзул Владимир Кариќ „проблемот“ го решил на многу поедноставен начин. Потплатувајќи го грчкиот митрополит во Скопје, успеал да ја добие неговата согласност да формира општини во Куманово, Кратово, Кочани, Берово, Гостивар, Крива Паланка и Штип (1890-1892) (Џамбазовски,1960:224,212-213).

Српската пропаганда наидувала на тешкотии и при отворањето училишта со донесеното Царско Ираде од 1892 година, со кое османлиските власти го признавале постоењето на Срби единствено во Косовскиот вилает. Така, врз основа на донесениот член 129 од османлискиот закон за *јавна настава,* биле одобрени дозволи за

отворање српски училишта само во Косовскиот вилает[2]. Затоа, до 1897 година, односно, до добивањето официјална дозвола за отворање српски училишта во Битолскиот и Солунскиот вилает, училиштата биле познати под името „**тајни српски училишта**“. Во Битолскиот и Солунскиот вилает, работите почнале да се менуваат во март-април 1897 година, кога биле одобрени и првите дозволи. Сега, од страна на Министерството за надворешни работи, можело да се размислува за спроведување на единствен училиштен систем за работа на српските училишта во Македонија и Стара Србија, како и за проширување на мрежата од средни училишта, кои дотогаш постоеле само во Солун и Скопје.

До 1903 година не се случиле некои позначајни промени во ширењето на мрежата на српски училишта, освен олеснувањето кое оваа пропаганда го добила по устоличувањето на првиот српски владика во Скопје (1902). Затоа и спроведената „тактика“ од српската просветна пропаганда, овој период го искористила за стабилизирање на дотогашните успеси постигнати на просветен план во последните години.

Бугарската просветна пропаганда во Македонија организирано започнала да дејствува од шеесетите години од 19 век, главно раководена од Цариград, преку друштвата „*Читалиште*“, „*Македонската благодетелна дружина*“, како и „*Комисија за бедни училишта*“. Во пропагандната активност, во Македонија, учествувале и голем број агенти, учители и други лица од Бугарија. За нив, еден бугарски дописник во весникот „*Турција*“, од 29.1.1866 година, се искажал: „...многу луѓе од Бугарија има (во Македонија, б.м.), коишто престојуваат за нејзиното будење“ (Поповски,1989:63).

Главен носител на бугарската просветната пропаганда, по 1878 година, и понатаму била Егзархијата, која финансиски помагана од бугарските влади, имала можност да развие засилена религозно-просветна активност. Ова е период кога владата на кнежевството Бугарија, и покрај тешкотиите на меѓународен план со непризнавањето на кнезот Фердинанд и вазалниот однос на кнежевството кон Османлиската империја, се определила за заедничко дејствување со Егзархијата.

Во јули, во 1890 година, Високата Порта издала два берати за егзархиски владици во Скопје и во Охрид. Нивното назначување претставувало и зголемување на правата на Егзархијата, која преку владиците, официјално можела да издава наредби и да има контрола

---

[2] Во членот 129 од Царското Ираде станувало збор за т.н. „слободни училишта” кои ги формирале општините или поединци, османлиски или странски поданици.

врз црковноучилишните општини. Слично на егзархиските владици, такви привилегии имале и претседателите на црковноучилишните општини во Солун, Серес, Костур, Воден, Кукуш и други градови кои биле избирани од општината, но потврдувани од Егзархијата („Новини“,1891:41). Меѓутоа, за Егзархијата и понатаму „кочница“ за изедначување на привилегиите на просветно поле, останувала Цариградската патријаршија. Затоа, бугарската влада како единствениот „бугарски национален институт во Империјата“ (Македонија и Одринска Тракија, б.м.), ја финансирала Егзархијата со големи парични суми. За учебните 1890-1891, 1891-1892 и 1892-1893 година, за нејзино поуспешно дејствување на просветен план, на територијата на Империјата, била одвоена и најголемата сума од 5 500 000 лева (Иванић,1902:126).

На 13 април, во 1894 година, Егзархијата добила уште два берати за владици во Велешката и Неврокопската епархија, истовремено добивајќи и привилегии за егзархиските училишта. Во 1895 година, црковноучилишните општини во Македонија повеќе не биле институти признати од османлиските власти. Општините кои ги признавале егзархиските митрополити почнувајќи од оваа година, биле третирани како составен дел на Егзархијата и нејзиниот управен апарат (Ивановъ,1895:8-9). Според една училишна статистика од 1899-1900 година, во Македонија, под контрола на Егзархијата егзистирале вкупно 781 основно и 63 класни училишта (О.М и Б.1902:122).

Со почетокот на 20 век, на Егзархијата и понатаму ѝ поаѓало од рака да ја спроведува својата просветна пропаганда, и покрај тоа што, еден краток период, била попречена од револуционерните настани, во 1903 година.

Периодот од двесет и пет години, владите на Грција, Србија и Бугарија го исполниле со силна пропагандна активност на просветно поле. Со помош на Патријаршијата и Егзархијата се правеле притисоци против Македонците кои во наставата во училиштата, богослужбите во црквите, во активностите на културнопросветните друштвата, читалиштата и слично, го користеле мајчиниот јазик. Ако не помагале критиката, потсмевот, јавниот притисок, тогаш се преоѓало кон терање од работа, заканувања, дури и убиства. Со клеветења кај османлиските власти дека станувало збор за антидржавни елементи, многумина завршувале во османлиските затвори. Секоја употреба на македонското име жестоко се прогонувала.

Грците, по 1878 година, соочени со развојот на македонската национална свест, започнале да го користат македонското име во пропаганден чин и тактика, против сѐ посилното влијание на

бугарската пропаганда. Србите, подоцна пробивајќи се на македонскиот терен, манипулирале со македонското име прифаќајќи го истовремено со сите параметри во т.н. „македонистичко движење“. Но набргу, по добивањето одобрение за отворање училишта во Македонија, се откажале и се потиснале. Бугарите, македонското име го прифаќале само како географско и територијално. Како име во диференцирачка и национална смисла, бугарската пропаганда македонското име го потиснувала.

Со почетокот на 20 век, балканските држави просветните пропаганди ги замениле со агресивни вооружени акции. Нивната единствена цел била завладување со делови од Балканскиот Полуостров и оневозможување на преземените европски реформи за индивидуализирање на Македонија на државнополитички план.

Во едни вакви вонредно тешки услови, во Македонија, намалувањето на улогата на граѓанските сили и нивното деградирање во национално-културна и политичка смисла, не значело и нивно потполно исчезнување од сцената на започнатото движење за потполна афирмација. Ова е период, кога во земјата се појавиле нови сили, на кои им припаѓаат заслугите поврзани со создавањето и јакнењето на македонското културно и политичко струење, темел на идните цели на ослободителното движење.

**Литература:**


Битоски,К.1998. *Континуитетот на македонските националноослободителни борби во* XIX *и почетокот на XX век, ИНИ,* Скопје

Димевски, С.1965. *Просветните прилики во Македонија во втората половина на XIX век,* АИНИ (докторска дисертација), Скопје.

Ивановъ,И.1895. *Положението на българите в Македония,* София.

Иванић, И.1902. *Из црковне историје Срба у Турској у XVIII и XIX веку,* Београд - Нови Сад.

Кантарџиев, Р.1983. *Борбата на македонскиот народ за свое народно училиште и просвета,* Годишен зборник на Филозофскиот факултет-Скопје, кн. 10 (36), Скопје: 265.

2002. *Историја на образованието и просветата во Македонија,* Скопје.

В. „*Новини*“.1891. Цариград. II/10, л.45.

О.М. и Б.,1902. *Погледъ върху деятелностьа на Българската екзархия 1877 - 1902,* Leipzig.

Поплазаров, Р.1977. *Ослободителните вооружени борби на македонскиот народ во периодот 1850-1878.* Скопје.

Џамбазовски,К.1960. *Културни-општествените врски на Македонците со Србија во текот на XIX век,* ИНИ,Скопје.


**Необјавени архивски извори:**

АМ-СК, ГПМ (Архив на Македонија-Скопје, Грчка пелагониска митрополија), службена преписка, 31.